ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-147/14**

**Дата: 24.08.2010**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст МОН) на сметката за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2009 година .

Претходно извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на сметката за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2007 година.

Во однос на финансиските извештаи за 2007 година, ревизијата не изрази уверување за целосноста на остварените приходи од продажба на тестови и пробни тестови за полагање на возачки испит, кои Министерството за внатрешни работи ги наплатувало во корист на МОН, според меѓусебен договор за преземање, организација и дистрибуција на тестовите. Причина за неуверувањето се неизвршените контроли од страна на МОН на остварените приходи по основ на дистрибуирани тестови за полагање. Поради тоа, ревизијата укажа МОН да изврши материјално евидентирање на тестовите за да се обезбеди следење на состојбата на приходите во текот на годината.

Препораката не е спроведена и во 2009 година, поради што ревизијата не изрази уверување во објективноста на пренесениот вишок на приходи од 2008 во 2009 година и остварените приходи во 2009 година.

Како резултат на наведеното, ние не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година , ниту мислење за усогласеност со релевантната регулатива.

Ревизијата нагласува дека надлежноста за подготвување на пробните тестови е веќе пренесена во Министерството за внатрешни работи, поради што во 2010 година МОН не остварува приходи по овој основ.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука - сметка за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на сметката за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2007 година. За финансиските извештаи изразено е воздржување од давање на мислење, додека законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Перо Стојановски –министер од 13.10.2008 година до 07.08.2009 година
- Никола Тодоров – министер од 07.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за образование и наука се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да обезбедиме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и

обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Поради неможноста за добивање на ревизорски докази за преовладувачки износи во финансиските извештаи, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 година до 31.05.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.

3.1. Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР од 2007 година. Подолу се дадени резултатите од оваа ревизија:

**Наод 11.1.1 во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година**

Ревизијата не изрази уверување за целосноста на остварените приходи од продажба на тестови и пробни тестови за полагање на возачки испит во износ од 8.851 илјади денари, кои МВР ги наплатувало во корист на сметката за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот при МОН, според меѓусебниот договор за преземање, организација и дистрибуција на тестовите. Причина за неуверувањето се неизвршените контроли од страна на МОН на наплатените приходи по основ на дистрибуирани тестови за полагање.

**Препорака**
Со цел обезбедување на уверување за целосноста на остварените приходи кои Министерството за внатрешни работи ги наплатува во корист на МОН, ревизијата укажа МОН да изврши материјално евидентирање на тестовите со цел следење на нивната состојба во текот на годината.

**Тековен статус на препораката**
Од страна на МОН не е извршено материјално евидентирање на тестовите.

**Наод 11.1.2 во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година**

Наодот се однесуваше на незаконска исплата на средства во износ од 141 илјада денари на вработени за вршење на административно - технички и сметководствени работи за сметката.

**Препорака**
Ревизијата укажа МОН да не врши исплати на вработени во Секторот за сметководствени работи за администрирање на сметката, со оглед дека тоа спаѓа во описот на нивните работи и работни задачи.

**Тековен статус на препораката**
Во 2009 година не се вршени исплати по наведениот основ.

**Наод 11.2.1. во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година**
Наодот се однесуваше на спроведување на повеќе постапки од мала вредност за печатење на тестови за полагање на возачки испит со што се избегнало спроведување на друг вид на постапка, со која би се обезбедило поголема транспарентност и конкурентност при доделувањето на договорот за јавна набавка.

**Препорака**
Ревизијата укажа набавките за потребите на Комисијата за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот да се реализираат со избор на соодветна постапка согласно Законот за јавни набавки, а во зависност од висината на проценетата вредност на набавката.

**Тековен статус на препораката**
Ревизијата не се осврна по оваа препорака, со оглед дека спроведувањето е неприменливо, бидејќи со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл. весник на РМ“ број 54 од 2007 година) надлежноста за подготвување на пробните тестови е пренесена во Министерството за внатрешни работи.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 09.06.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 18.06.2010 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-147/10 од 18.06.2010 година.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Ревизијата не изрази уверување во објективноста на пренесениот вишок на приходи од 2008 во 2009 година во износ од 8.379 илјади денари и целосноста на остварените приходи во 2009 година во износ од 175 илјади денари од продажба на тестови и пробни тестови за полагање на возачки испит, кои Министерството за внатрешни работи ги наплатувало во корист на МОН, според меѓусебен договор за преземање, организација и дистрибуција на тестовите. Причина за неуверувањето се неизвршените контроли од страна на МОН на остварените приходи по основ на дистрибуираните тестови за полагање.

**Препорака**
Ревизијата не дава препорака по наодот бидејќи надлежноста за подготвување на пробните тестови е веќе пренесена во Министерството за внатрешни работи, поради што во 2010 година МОН не остварува приходи по овој основ.

## 5. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектот од наодот изнесен во точката 4.1.1. кој се однесува неизвршените контроли од страна на МОН на остварените приходи од дистрибуираните тестови за полагање, ревизијата се воздржа од давање на мислење за финансиските извештаи .

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 4.1.1., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на сметката за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2009 година.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Поради ограничување на делокругот објаснет во точката 4.1.1. , ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 29.07. 2010 година

*Овластен државен ревизор*

________________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | | 8,554 | | 9,927 |
| **Вкупно приходи** | | **8,554** | | **9,927** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | | 1 | | 1,548 |
| Субвенции и трансфери | | 3,952 | | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,953** | | **1,548** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **3,953** | | **1,548** |
| | | | | |
| **Остварен вишок на приходи** | | **4,601** | | **8,379** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 4,601 | 8,379 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,601** | **8,379** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **4,601** | **8,379** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4,601 | 8,379 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,601** | **8,379** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **4,601** | **8,379** |

*БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ*

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4,601 | 8,379 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,601** | **8,379** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **4,601** | **8,379** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 4,601 | 8,379 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4,601** | **8,379** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **4,601** | **8,379** |